# Република Северна Македонија
## Државен инспекторат за земјоделство

Архивски број: 08-791/3
Датум: 02.12.2025 година

До:
- Одделение за EXIM - едношалтерски систем за дозвола за увоз, извоз и транзит на стоки и тарифни квоти
- државни инспектори на земјоделство
- правни лица

Предмет: Известување

Почитувани,

До Државниот инспекторат за земјоделство доставен е Предмет – Одговор на барање бр.110-1356/2 од 25.11.2025 година од страна на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство - Управа за семе и саден материјал со кој не известуваат дека согласно член 27 став (1) алинеја 2 од Закон за семенски и саден материјал за земјоделски растенија („Сл. весник на РМ“ бр.39/06, 89/08, 171/10, 53/11, 69/13, 187/13, 43/14, 129/15, 39/16, 71/16 и 83/18 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 122/21 и 199/23), увезениот семенски материјал од видовите на земјоделски растенија одгледувани во земјата извозничка треба да биде во согласност со меѓународните прописи за семе на OECD, да е испитуван во согласнот со методите на ISTA, да поседува ISTA сертификат издаден од акредитирана ISTA лабораторија и да е здравствено исправен според условите пропишани од IPPC.

Во врска со наведеното Ве известуваме за следното:

Државниот инспекторат за земјоделство е овластен, меѓудругото, да врши инспекциски надзор на правни лица преку контрола на квалитетот и прегледи на пратките од увоз на семенски материјал и саден материјал за земјоделски растенија од житни, фуражни, градинарски, маслодајни, влакнодајни, репа, компир, тутун, украсни растенија, овошни растенија и винова лоза.

Правните лица при увоз, се должни да поднесат барање до Инспекторатот и во истото да дадат точни податоци со комплетна документација за потребната контрола, задолжително проследено со:


Државен инспекторат за земјоделство
Република Северна Македонија
Ул. Бул.Гоце Делчев бр.18 (Зграда на МТВ 13 кат)
Република Северна Македонија
+389 (02) 3121 462
www.diz.gov.mk

- **за семенски материјал од земјоделски растенија - ISTA сертификат издаден од акредитирана ISTA лабораторија во кој ќе бидат наведени податоци за: аналитичка чистота, ‘ртливост, влага, присуство на семе од други видови растенија, семе од плевел и слично;**
- **за саден материјал од земјоделски растенија – Сертификат за квалитет во согласнот со меѓународните прописи во кој ќе бидат наведени податоци за: автентичност на сортата и подлогата, вегетативна развиеност.**

Со почит,

Директор на Државниот инспекторат за земјоделство
М-р Васе Анакиев

Подготвил: Т. Нешковска
Одобрил: м-р Ј. Карчовски



Државен инспекторат за земјоделство
Република Северна Македонија

Ул. Бул.Гоце Делчев бр.18 (Зграда на МТВ 13 кат)
Република Северна Македонија

+389 (02) 3121 462
www.diz.gov.mk